Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

Одбор за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
Бр. 24-522/55
14.03.2018 год

Врз основа на член 47 и 59 од Законот за медијација („Службен весник на Република Македонија" бр.188/13, 148/15, 192/15 и 55/16) Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата донесе:

# ЗАКЛУЧОК

Кандидатот кој има намера да полага испит за медијатор, за да го исполни условот од чл.47 ст.1 т.г) од Законот за Медијација (Сл.в.на РМ бр.188/13, 148/15, 192/15 и 55/16), може да се пријави дека сака да проследи постапки за медијација како би можел да полага испит за медијатор и да остави свои податоци и емаил/мобилен за контакт кај било кој од медијаторите кои поседуваат лиценца за извршување на медијаторски работи и се запишани во Именикот на медијатори на КМРМ.

Медијаторот кај кого се пријавил кандидатот, должен е да пријави во Комората на медијатори на РМ дека лицето е заинтересирано да проследи постапки заради полагање на испит за медијатор и ќе остави негови податоци за контакт во Комората.

Покрај медијаторот, кандидатот и лично може да се пријави во КМРМ дека е заинтересиран да проследи постапки на медијација кај овластен медијатор, за да може да полага испит за медијатор.

И во двата случаи, КМРМ е должна да ги извести членовите дека одредено лице е кандидат за полагање испит за медијатор, со повик, доколку се создадат услови за проследување на активна медијација, кандидатот да добие покана од било кој од медијаторите да проследи постапки на медијација.

Кандидатот кој се пријавил за проследување постапки, може да добие повик / покана за проследување постапка на медијација, само доколку медијаторот кај кого сака да проследи медијација, добие изричита согласност од страните учесници во постапката на медијација, за присуство на кандидатот, во својство на трето лице, со напомена дека проследувањето е заради потребите на полагање на испитот за медијатор.

Изјавената заемна согласност на страните учесници во медијација, одредено лице да може да проследи постапка на медијација низ сите нејзини фази, медијаторот е должен да ја нотира во Договорот за начинот на спроведување на постапката на медијација (чл.18 ст.2 од ЗМ) односно во Спогодбата (чл.20 ст.1 т.1 од ЗМ) која е должен да ја пријави за упис во регистарот за евиденција на постапките на медијација согласно чл.21 ст.2 од ЗМ) .

Пред да почне да се спроведува постапката на медијација, медијаторот е должен да побара од кандидатот да приложи Изјава заверена кај нотар дека се она што ќе го слушне во текот на постапката ќе го чува како доверлив податок во смисла на чл.9 од ЗМ а изјавата ќе ја покаже на страните учесници.

На кандидатот ќе му биде издадена писмена потврда од медијаторот дека проследил постапка на медијација, само ако присуствувал на сите одржани средби на преговарање на учесниците со посредство на медијаторот, односно ја проследил постапката на медијација во сите нејзини фази. Ова од причина што проследувањето на постапките на медијација се со цел кандидатот да се запознае со сите фази низ кои се спрооведува постапката, како и со техниките и вештините кои ги употребува медијаторот при спроведувањето на преговорите помеѓу учесниците во постапката.

Кандидатот, врз основа на добиената потврда, односно потврди за проследени постапки на медијација, има право да побара од Министерството за Правда, да му биде издаден Извод од регистарот за евиденција на постапки на медијација дека постапките за кои му е издадена потврдата се заведени од страна на медијаторот во Регистарот.

Кандидатот кој пред Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата во прилог на доставената пријава за полагање на испитот за медијатоор, ќе достави меѓу другото и потврда односно потврди од еден или повеќе медијатори, поткрепена со Извод од регистарот за евиденција на постапките од Министерството за Правда, ќе се смета дека го исполнил условот од чл.47 ст.1 т.г) од ЗМ.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОДБОР
Проф.д-р Марко Андонов